**20141564886**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 а) точка 8 и став 1б) точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на ден 6 август 2014 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на Товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 102/2007, 104/2007, 151/2007, 22/2008, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011, 62/2011, 99/2011, 158/2011, 42/2012, 63/2012, 159/2012, 47/2014 и 98/2014), во натамошниот текст Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, во членот 1 за лековите во колоната 5–Фармацевтска дозажна форма, кај лековите со кратенка „СРФ“ истата се заменува со кратенката „ФП“.

Во колоната 6 - Јачина кратенка „СРЈ“ се заменува со кратенката „ЈП“.

Член 2

Во членот 1 од Листата на лекови на товар на Фондот, во делот „Легенда – Фармацевтски дозажни форми и јачини“ зборовите „СРЈ – сите регистрирани јачини на лекот во РМ (лекови во промет согласно Законот за лековите и медицинските помагала)“ се заменуваат со зборовите „ЈП“ – јачина на лекот во промет во РМ (лекови во промет согласно Законот за лековите и медицинските помагала).“

Во членот 1 од Листата на лекови на товар на Фондот, во делот „Легенда – Фармацевтски дозажни форми и јачини“ зборовите „СРФ – сите регистрирани форми на лекот во РМ (лекови во промет согласно Законот за лековите и медицинскте помагала)“ се заменуваат со зборовите „ФП“ – фармацевтска дозажна форма на лекот во промет во РМ ( лекови во промет согласно Законот за лековите и медицинските помагала.)“

Член 3

По членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

„По исклучок за лековите од член 1 од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои се набавени во странство, по барање на осигуреното лице се врши надомест на средства за нивната набавка, без оглед дали лековите се во промет во Република Македонија, согласно Законот за лековите и медицинските помагала.“

Член 4

Членот 4-а се брише.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Оваа одлука ќе се применува и на постапките за надомест на средства за лекови започнати пред нејзиното влегување во сила доколку е тоа поповолно за осигурените лица.

Бр. 02-13386/4
11 август 2014 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски,** с.р.